**20220881061**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/22 и 81/22) во делот I износот „1.339.136.000“ се заменува со износот „1.138.136.000“, а износот „1.079.900.000“ се заменува со износот „878.900.000“.

II

Во делот II во воведната реченица на ставот (1) износот „1.138.900.000“ се заменува со износот „937.900.000“.

Во табелата мерката 121 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| **121** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** | **279.500.000** |
| | - набавка на приплоден добиток (121.1) | 54.000.000 |
| | - подигнување на нови насади (121.2) | 15.000.000 |
| | - набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 2.000.000 |
| | - набавка на трактори (121.4) | 21.500.000 |
| | - набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици и/или мобилни сушари за ориз (121.5) | 15.000.000 |
| | - набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода (121.6) | 120.000.000 |
| | - набавка на опрема за производство на тутун (121.7) | 26.000.000 |
| | - инвестиции во мандри (121.8) | 16.000.000 |
| | - набавка на силоси (121.9) | 10.000.000 |

“

Во „ВКУПНО МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ“ износот „1.138.900.000,00“ се заменува со износот „937.900.000“.

III

Во делот VI став (1) во алинејата 10 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 11 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12 која гласи:

„- набавка на силоси.“

Во ставот (9) зборовите „10 и 11“ се заменуваат со зборовите „10, 11 и 12“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3160/1
5 април 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.